ЗАПИСНИК

од 66-та седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 03.04.2025 год.
со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата, од вкупно 9 (девет) советници, беа присутни сите членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Љупчо Петровски, Иванчо Котевски, Горан Велјановски, Александар Канзуровски и Наумче Смилевски.

На седницата беа присутни: Градоначалникот Стевановски, Анета Киселоска - раководител, Оливера Димитровска - раководител и Николина Лозановска - советник.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записник од 65-та седница на Советот на Општина Новаци;
2. Разгледување и донесување на Ребаланс на Буџетот на Општина Новаци за 2025 год.;
3. Разгледување и донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за образование во Општина Новаци за 2025 год.;
4. Разгледување и донесување на Одлука за давање согласност на измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување за 2025год.;
5. Разгледување на Барање од одбор на манастирот Св. Архангел Гаврил од Тепавци;
6. Разгледување на Барање за финансиски средства од ЗФК „Далбеговци 2023“ од Далбеговци за натпреварувачка пролетна сезона 2025г;
7. Советнички прашања.

Пред да се разгледа дневниот ред на 66-та седница на Советот на Општина Новаци, Претседателката на Советот, Најдовска Стојковска, зеде збор и пред Советот на Општина Новаци предложи, дневниот ред да се измени и дополни со 1 (една) точка која треба неодложно да се разгледа на оваа седница:

1. Разгледување и усвојување на Годишен извештај за работењето на МЈП „Пелалинк“ Битола, за 2024 година.

Советниците го разгледаа Дневниот ред со предложената измената и дополнување, така што со **9 гласа за** го прифатија Дневниот ред на 66-та седница на Советот на Општина Новаци, кој со измената е составен од 8 (осум точки) точки, со тоа што точката бр.7- Советнички прашања, преминува во точка бр. 8.

1. **точка** Разгледување и усвојување на Записник од 65-та седница на Советот на Општина Новаци;

По разгледувањето, Записникот од 65-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **9 гласа за.**

2. **точка** Разгледување и донесување на Ребаланс на Буџетот на Општина Новаци за 2025 год.

По однос на втората точка, Раководителот на финасии, Оливера Димитровска зеде збор и накратко пред советниците даде одјаснување за измена и дополнување на буџетот на Општина Новаци, поради обезбедување на средства со кои ќе се подмируваат трошоците на родителите, жители на Општина Новаци чии деца го посетуваат ОУРЦ „Кочо Рацин“ Битола. Втората промена во буџетот се однесува на финансисктата трансакција која се направи за потребите за реализација на Програмата за изградба и реконструкција на локални патишта каде што се префрлени 1.000.000,00 ден. и тоа од Програмата за одржување на механизација.

По дискусијата советниците со **9 гласа за** донесоа Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Новаци за 2025 година.

3. точка Разгледување и донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за образование во Општина Новаци за 2025 год.

Советот беше информиран дека една од причините за измена и дополнување на Буџетот, всушност преставува причина за промена на Програмата за образование, бидејќи во овој момент детето кои го посетува ОУРЦ „Кочо Рацин“ Битола е ученик во ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци. Меѓу советниците се разви дискусија по која се гласаше, така што со **9 гласа за** се донесе Програма за изменување и дополнување на Програмата за образование во Општина Новаци за 2025 година.

4. точка Разгледување и донесување на Одлука за давање согласност на измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување за 2025год.

Ирена Поповска Талевска – советник за човечки ресурси, беше повикана од советот за да даде објаснување, за причината за измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување за 2025 год. кое се врши поради ослободување на две работни места кои се ослободуваат по основ на пензионирање.

По кратката дискусија Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** донесе Одлука за давање согласност на измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување на Општина Новаци за 2025 година.

5. точка Разгледување на Барање од одбор на манастирот „Св. Архангел Гаврил“ од Тепавци

Советот на Општина Новаци го разгледа Барањето во кое црковниот одбор, бара финансиска подршка за поплочување на манастирскиот двор со бекатон плочки.

Советот на Општина Новаци по дискусијата донесе одлука финансиската поддршка да изнесува 500 000,00 ден. во градежен материјал. Таквиот предлог беше прифатен така што со **9 гласа за** Советот донесе Одлука за донирање на градежен материјал на Одборот на манастирот „Архангел Гаврил“ од Тепавци.

6. точка Разгледување на Барање за финансиски средства од ЗФК „ Далбеговци 2023“ од Далбеговци за натпреварувачка пролетна сезона 2025година

ЗФК „Далбеговци 2023“ достави барање до Советот, за финансиска поддршка со која ќе учествуваат во пролетната натпреварувачка сезона во Општинската сезона.

Советниците со **9 гласа за** донесоа Одлука за доделување на финансиски средства на ФК „Далбеговци 2023“ од Далбеговци за натпреварувачка пролетна сезона 2025 година во висина од 75.000,00 ден.

7. точка Разгледување и усвојување на Годишен извештај за работењето на МЈП „Пелалинк“ Битола, за 2024 година.

Советниците го разгледаа Годишниот извештај така што со **6 гласа за и 3 гласа воздржани** донесе Одлука за усвојување на Годишен извештај за работењето на МЈП „Пелалинк“ Битола, за 2024 година.

8. точка Советнички прашања

Градоначалникот Стевановски зеде збор по однос на оваа точка и даде детално објаснување до каде е постапката со реализирањето на проектот кој е започнат уште во 2016 год. од страна на Министерството за животна средина, а се однесува за регионалната депонија и регионалното претпријатие за управување со отпад кои треба да бидат стационирани во Општина Новаци. По неговото излагање се разви дискусија меѓу советниците во која тие ги изнесоа сопствените мислења и ставови.

По дискусијата Советот на Општина Новаци, немаше дополнителни советнички прашања со што 66-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска